РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
Бр. 25-2464/1
02-04-2018 20 год.
СКОПЈЕ

# НАЦРТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Министерство за економија |
| Назив на предлогот на закон: | Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за возила |
| Одговорно лице и контакт информации: | Нериман Целадини,<br>раководистел на Сектор за внатрешен пазар |
| Вид на Извештај | Нацрт извештај |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ | Не |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации | Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | 02.04 .2018 |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | / |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | / |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | крај на мај 2018 година |

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

### 1.1. Опис на состојбите

Со Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“бр.140/08, 53/11, 123/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15 и 39/16) се утврдуваат условите за пуштање на пазар и почетокот на одобрување и користење на возилата, регистрацијата и техничката исправност на возилата, условите за извршување на работи на техничките служби, правните лица за технички преглед и регистарот на податоци за возилата.

Со Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за возила се направени измени во насока на усогласување на истиот со Законот за општата управна постапка, се воведуваат построги казни за станиците за технички преглед во случај на неконтролирање на издувните гасови кај возилата во постапка на регистарција, се воведува еколошка налепница за возилата, овластувањата за правните лица кои вградуваат уреди за погон на ТНГ и КЗГ преминуваат во надлежност на Министерството за економија, се дополнуваат и прецизираат надлежностите на техничките служби, се воведува временско ограничување на техничкиот преглед, лиценцата за такси превоз станува услов за регистрација на такси возилото и со подзаконски акт за нив ќе се пропишат жолти таблици, записите за техничката исправност на системите на возилото како и записот од измерените вредности од емисиите од издувните гасови задолжително се приложуваат при регистрацијата на возилото.

### 1.2. Причини за проблемите кои се предмет на разгледување

Министерството за економија во соработка со Министерството за внатрешни работи изработи Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр.140/08, 53/11, 123/12, 153/12, 70/13, 164/13 и 138/14) со цел да се воведат построги казни за станиците за технички преглед во случај на неконтролирање на издувните гасови кај возилата во постапка на регистарција. Станиците за технички преглед и покрај законската обврска што ја имаа за мерење на издувните гасови истата не ја извршуваа од причина што не беа пропишани казни за непостапување по наведените одредби. Се анализираа состојбите, се лоцираа проблемите и за нивно решавање се уочи дека треба да се воведува еколошка налепница за возилата, овластувањата за правните лица кои вградуваат уреди за погон на ТНГ и КЗГ да преминат во надлежност на Министерството за економија, да се дополнат и прецизираат надлежностите на техничките служби, да се воведе минимално време за вршење на техничкиот преглед, лиценцата за такси превоз да стане услов за регистрација на такси возилото и да се предвиде подзаконски акт со кој ќе се пропишат жолти таблици за такси возилата, записите за техничката исправност на системите на возилото како и записот од измерените вредности од емисиите од издувните гасови задолжително да се приложуваат при регистрацијата на возилото.

## 2. Цели на предлог регулативата

Целта на Предлог на Законот е подобрување на управните постапки за одобрување на тип на возило, единечно одобрување на возило, овластување на технички служби за испитување и одобрување на возила, овластување на правните лица кои вршат технички преглед на возила и идентификација и оцена на техничката состојба на возилата, овластување на правните лица кои вградуваат уреди за погон на течен нафтен гас, водење на регистри за возила, одобренија, согласности за регистрација и потврди за сообразност во електронска форма во согласност со Законот за општата управна постапка.

Законот чие донесување се предлага се заснова на истите начела на кои се заснова и основниот текст на Законот за општата управна постапка.

## 3. Можни решенија (опции)

3.1. Опис на решението „не прави ништо"
Ако не се воведат предвидените измени и дополнувања на Законот за возила нема да се зголеми ефикасноста во спроведувањето на одредбите.

3.2. Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот

Предлог на законот значително ќе се подобри донесувањето на управни акти, заштита на корисниците на јавни услуги, со цел да се намалат обврските на странките за да се постигне целта утврдена со Законот за возила.

Со измените и дополнувањата во Законот за возила, ќе се овозможи подобрување на управните постапки за одобрување на тип на возило, единечно одобрување на возило, овластување на технички служби за испитување и одобрување на возила, овластување на правните лица кои вршат технички преглед на возила и идентификација и оцена на техничката состојба на возилата, се регулира овластување на правните лица кои вградуваат уреди за погон на течен нафтен гас, се пропишува начинот на водење на регистри за возила, одобренија, согласности за регистрација и потврди за сообразност во електронска форма во согласност со Законот за општата управна постапка и се обезбедува целосно почитување на правата и правните интереси на странките.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:

4.1. Економски влијанија
Нема.

4.2. Фискални влијанија
Нема.

4.3. Социјални влијанија
Нема.

4.4. Влијанија врз животната средина
Доколку се контролираат издувните гасови кај возилата во постапка на регистарција, возилата кои не ги исполнуваат пропишаните услови нема да бидат

регистрирани со што значително ќе се намали бројот на возила кои вршат зголемено загадување на воздухот, со што ќе се намали загадувањето и ќе се зголеми квалитетот на воздухот.

4.5. Административни влијанија и трошоци:

а) трошоци за спроведување
Трошоци за набавка и дидтрибуција на еколошката налепница.

б) трошоци за почитување на регулативата
Нема.

## 5. Консултации

5.1. Засегнати страни и начин на вклучување
Извршени се консултации и добиен и се предлог измени од страна на Министерство за внатрешни работи, Бирото заметрологија како орган за одобрување, и професори од машинскиот факултет - експерти во областа на возила.

5.2. Преглед на добиените и вградените мислења
Министерство за внатрешни работи

5.3. Мислењата кои не биле земени предвид и зошто
Нема

## 6. Заклучоци и препорачано решение

6.1. Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)
Предлог на законот значително ќе го подобри донесувањето на управни акти, заштита на корисниците на јавни услуги и ќе обезбедува целосно почитување на правата и правните интереси на странките. Не се детектирани негативни влијанија на опциите кои се предложени во предлогот.

6.2. Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции).
Нема.

6.3. Препорачано решение со образложение
Донесување на Предлог – законот за изменување и дополнување на Законот за возила овозможува да се лоцираат проблемите и за нивно решавање се уочи дека треба да се воведува еколошка налепница за возилата, овластувањата за правните лица кои вградуваат уреди за погон на ТНГ и КЗГ да преминат во надлежност на Министерството за економија, да се дополнат и прецизираат надлежностите на техничките служби, да се воведе минимално време за вршење на техничкиот преглед, лиценцата за такси превоз да стане услов за регистрација на такси возилото и да се предвиде подзаконски акт со кој ќе се пропишат жолти таблици за такси возилата, записите за техничката исправност на системите на возилото како и записот од измерените вредности од емисиите од издувните гасови задолжително да се приложуваат при регистрацијата на возилото.

## 7. Спроведување на препорачаното решение

7.1. Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области

Изменување и дополнување на Правилникот за технички преглед,

7.2. Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување

Нов правилник за контрола на 1% од прегледаните возила во постапка за одобрување и идентификација и оцена на техничкара состојба на возилата

Рокот за донесувањена е шест месеци од влегување во сила на измените ои дополнувањата на законот.

7.3. Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување.

Министерството за економија, Министерство за внатрешни работи, Бирото за метрологија, Техничките сњлужби, овластените правни лица и Станици за технички преглед на возила.

7.4. Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон,

Донесувањена нови и менување на оделни подзаконски акти

## 8. Следење и евалуација

8.1. Начин на следење на спроведувањето

Надзор и следење од страна на Министерството за економија, Бирото за метрологија и Министерството за внатрешни работи.

8.2. Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови

## Изјава од државниот секретар

Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.

Датум: 29.03.2018 година

Државен секретар
Зоран Павловски

Изработил: Пеце Андоноски
Контролирал: Јане Шапардановски
Нериман Целадини
Согласен: Блерим Златку